ИИ686

НОВА МАКЕДОНИЈА 18 и 19, 7. 1998, 18442, 10,

# Дрско посегнување по културата

**● (Повод: Одржаната свадба во Музејот на современата уметност во Скопје)**

Фрапантна беше веста дека свадба ќе се одржи во просториите на Музејот на современата уметност. Се прашувам, дали е можно денес, овде, сред Македонија, да се допушти таков гаф? Кој се дрзна да ја купува и културата за лични потреби? Та Музејот на современа уметност, за Македонија е духовен храм, свето место, гордост за нашиот народ што го има. Може ли да се замисли свадба во Ермитаж, Лувр, Метрополитен музеј? За нас Ермитаж е нашиот Музеј на современа уметност, во којшто се вложени милиони средства од државата. Но, црните предвидувања започнаа да ни се случуваат. Дојде време со парите на поединци, спечалени набрзина, да се купува сè, па се дрзнаа и по културата. Што знам можеби во таа еуфорија ќе стасаат и до државата?! Наместо да се развиваат и да се афирмираат нашите скромни културни институции, новокомпонираните квази-господа, со своите пари, кои за нас обичните граѓани не значат ама баш ништо, се осмелија една од нив, Музејот на современа уметност, да го осквернават и во неговите простории во коишто досега беа присутни само делата на многубројните творци на уметноста и тишината, да се јаде и да се пие од над илјадата присутни гости, кои до вчера и тие со нетрпение ја чекаа следната плата. Но, за жал, денес премногу има такви што дури и нема што да чекаат.

Никогаш не сум можела да допуштам дека ќе нè снајде и таков резил, што нè прави за потсмев пред целиот цивилизиран свет. Можеби на свадбата биле присутни и некои странски дипломати, но во своите извештаи што редовно ги испраќаат во матичните земји убаво ќе се изнасмеат. Целата оваа папазијанија е навистина, покрај изразитиот примитивизам, и трагикомична. А во нашта земја има и цивилизирани луѓе на кои со оваа постапка новокомпонираните богаташи им залепија силна шлаканица. Ако овие господа мислат дека постигнале ефект, докажувајќи ја пред јавноста својата моќ, многу се лажат. Постигнат е ефект, навистина, но во обратна смисла. Не сретнав човек што не се згрозил од премногу понижувачкиот настан, со горчливото сознание дека веќе ни се посегнува и по најсветото, основниот белег на еден народ-културата.

По оваа беспримерна постапка со којашто главните актери докажаа на кое културно ниво се наоѓаат, се прашувам, како, со кое лице тие моќни луѓе ќе излезат пред јавноста. Зачудува што овој пат се оглуши и опозицијата!

Ако се целеше на некаков јавен доказ за богатствата на двете страни, навистина тоа ќе го постигнеа, ако тие огромни средства дадени за една свадба, му ги подареа на Музејот, како што се практикува од големите бизнисмени на Запад. Но, таков еден раскош и просто фрлени пари само за една ноќ, и невидената сиромаштија на духот, предизвикува кај секого само вчудовиденост, длабока иритираност и сожалување...

Во сè она што се случи, не може да се избегне споредбата со една друга свадба кај нас, на првиот богаташ во едно поодминато време Амди Бајрам, кој за свадбата на својот син ангажира авион. Може ли да се остане подолу од Амди Бајрам? Првата свадба во авион, ама втората во еден од најзначајните објекти на културата. Што ли сè уште ќе се смисли за да сè биде уште поатрактивен и помоќен. Таква ни била судбината. Малку бескрупулозни милионери, но многу сиромашни. А ние граѓаните од новиот систем бараме сигурност во животот, без страв од иднината, без понижување и омаловажување, особено на сè што е свето за еден народ. Но, по грдиот настан, ако сме правна држава, се знае што следува. Веднаш би се отповикале од должност тие што издадоа такво чудовишно одобрение, со што ја омаловажија, потценија и понижија целокупната македонска јавност, посегнувајќи и по најценетото за еден народ, и по културата...

**Милка Божикова, Скопје**